Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Бр. 08-4384/10
Од 19 SEP 2025 година
С К О П Ј Е

ЗАПИСНИК

Комисијата за спроведување и реализација на проект „финансиска поддршка за поставување на нови лифтови на колективни станбени згради за колективно домување на подрачјето на Општина Кисела Вода", формирана со Решение бр.08-4384/1 од 06.05.2025 год. во состав:Далибор Стојановски-претседател, Марјан Стојанчевски-член, Кирју Николоски-член, Татјана Нанкова- член (Совет), Владимир Грујовски-член (Совет), одржа состаноци на кој беа разгледани пристигнатите Барања за финансиска поддршка за поставување на нови лифтови на колективни станбени згради за колективно домување на подрачјето на Општина Кисела Вода. Пристигнати се вкупно 5 Барања по следниот редослед:
-Барање бр.08-4384/4 од 14.05.2025 год.
-Барање бр.08-4384/5 од 22.05.2025 год.
-Барање бр.08.4384/6 од 18.06.2025 год.
-Барање бр.08-4384/7 од 26.06.2025 год.
-Барање бр.08-4384/8 од 01.08.2025 год.

Барањето бр.08-4384/4 од 14.05.2025 год. поднесено од Милан Кузманов, управител на станбена зграда на ул.Христо Татарчев бр.43 влез 1, во прва фаза нема доволен број на потпишани станари за Одлуката за поставување на нов лифт, а во втора фаза потребно е да се достави Одобрение за изградба на лифт, конечна фактура која ќе кореспондира со првичниот Договор со изведувачот и сертификат за исправност.

Барањето бр.08-4384/5 од 22.05.2025 год. поднесено од Управител Плус Скопје во својство на управител за станбена зграда на ул.Вера Јоциќ бр.23 во прва фаза недостасува Договор со изведувач и Договор со надзор, а во втора фаза потребно е да се достави Одобрение за изградба на лифт, конечна фактура која ќе кореспондира со првичниот Договор со изведувачот и сертификат за исправност.

Барањето бр.08-4384/6 поднесено од Мирослав Аритоновски во својство на претседател на заедница на станари на станбена зграда на ул.Димо Хаџи Димов бр.2 ги исполнува условите од првата фаза согласно Правилникот и Јавниот Повик за финансиска поддршка за поставување на нови лифтови на колективни станбени згради на подрачјето на Општина Кисела Вода.Во втора фаза потребно е да се достави Одобрение за изградба на лифт, конечна фактура која ќе кореспондира со првичниот Договор со изведувачот и сертификат за исправност.

Барањето бр.08-4384/7 поднесено од Сити Хаусинг Доо во својство на управител за станбена зграда на ул.Димо Хаџи Димов бр.47 нема доволен број на потпишани станари за Одлуката за поставување на нов лифт, а во втора фаза потребно е да се достави Одобрение за изградба на лифт, конечна фактура која ќе кореспондира со првичниот Договор со изведувачот и сертификат за исправност.

Барањето бр.08-4384/8 поднесено од Аеродом дооел во својство на управител на станбена зграда на ул.Вера Јоциќ бр.14 ги исполнува условите од првата фаза согласно Правилникот и Јавниот Повик за финансиска поддршка за поставување на нови лифтови на колективни станбени згради на подрачјето на Општина Кисела Вода.Во втора фаза потребно е да се достави Одобрение за изградба на лифт, конечна фактура која ќе кореспондира со првичниот Договор со изведувачот и сертификат за исправност.

Комисија за спроведување и реализација на проект „финансиска поддршка за поставување на нови лифтови на колективни станбени згради за колективно домување на подрачјето на Општина Кисела Вода"

Далибор Стојановски-претседател,

Марјан Стојанчевски-член

Кирју Николоски-член

Татјана Нанкова-член (Совет)

Владимир Грујоски-член (Совет)